# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од четвртото продолжение на Шеесет и втората седница

на Собранието на Република Македонија одржана на 8 јуни 2004 година

Седницата се оджа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток  по завршување на 68-та седница,  12,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по 62 - та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ, Трифун Костовски, Љубе Бошковски, Љупчо Георгиевски, Никола Груевски, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Коце Трајановски, Блаже Стојановски, Али Ахмети, Талат Џафери, Теута Арифи, Г'зим Острени и Ванчо Георгиев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со расправа по точката 18 - **Предлог за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за телекомуникациите, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за телекомуникациите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеници од кои 55 гласале за, нема воздржани, 2 проитв.

Молам службите да ги пребројат присутните пратеници.

(Службите ги пребројвуаат пратениците во салата).

Во салата беа присутни во моментот на гласање 63 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници од кои гласале 60.

57 гласале за, 1 воздржан и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворм претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Петар Апостолов, Слободан Најдовски, Соња Лепиткова, Зоран Шапуриќ и Роза Топузовска-Каревска поднесоа амандмани на член 6 за менвуање на воведната реченица , за додавање нов став 3 по став 2 и за менвуање на став 6 и на член 6 став 4 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Лилјана Ивановска, Слободан Најдовски и Зоран Шапуриќ, поднесоа амандман на член 10 во последниот став по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Лилјана Ивановска  поднесе амандман за бришење на член 11 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули и Томе Тромбев, поднесоа амандмани на член 2 за менување на алинеја 1, на член 2 за менвуање на алинеја 8, на член 2 за менвуање на алинеја 11, на член 2 за менвуање на алинеја 31, на член 2 за менвуање на алинеја 34, на член 2 за менување на алинеја 36 и на член 2 за менвуање на алинеја 42, на член 2 за менвуање на алинеја 45 на член 2 за менување на алинеја  46, член 6 став 2, член 6 став 4, член 9 став 4, член 10 став 7, за бришење на член 15, член 18, член 24 за додавање на нов став 2 по став 1, член 25 во новиот член 72 за додавање нов став 2-а по став 2, член 25 во новиот член 75 за менвуање на став 1, за бришење на член 26, за бришење на член 28 и за бришење на член 33 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Јани Макрадули во име на предлагачите ги повлече амандманите на член 2 за менување на алинеја 1, член 2 алинеја 8, член 2 за менвуање на алинеја 11, на член 2 за менување на алинеја 31, на член 2 за менување на алинеја 34, на член 2 за менување на алинеја 36, на член 2 за менвуање на алинеја 42, на член 2 за алинеја 45, на член 2 алинеја 46, за бришење на член 26 и за бришење на член 28 и за бришење на член 33.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за менување на член 4, на член 9 за менвуање на ставовите 1 и 2 со три нови става, член 10 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на ставот 9, член 29, член 31 на точките 2,3 и 5, 14, 15, 16 и 17 и на членовите 32 и 33.

Пратениците Петар Апостолов, Слободан Најдовски, Соња Лепиткова, Зоран Шапуриќ и Роза Топузовска-Каревска поднесоа

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менвуање на воведната реченица , за додавање нов став 3 по став 2 и за менување на став 6 поднесен од пратениците

Петар Апостолов, Слободан Најдовски, Соња Лепиткова, Зоран Шапуриќ и Роза Топузовска-Каревска .

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на минситерот за транспорт и врски.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Предложениот амандман не треба да се прифати од причини што неговото прифаќање би било спротивно на уставните одредби со кои се гарантира слободата на пазарот и претприемништво и одредбите според кои Републиката обезбедува еднаква правна можност на субјектите на пазарот, член 58 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија.

Освен тоа согласно членот 58 од Уставот на Република Македонија сопственоста и трудот се основа за управување  и учество во одлучувањето, како и правата стекнати врз основа на вложениот капитал не можат да се намалуваат со закон или друг пропис, член 59 од Уставот на Република Македонија.

Со оглед дека постојниот давател на јавната телекомуникациска услуга, како и можните идни даватели на таквите услуги делуваат во амбиент на примена на пазарните законитости, начинот на формирање на цените на своите услуги самостојно го утврдуваат односно ги утврдуваат согласно договорот склучен со корисниците на услугите.

Пред да се произнесам да напоменам дека текстот кој го прочитав не е само став на Секторот на Министерството за транспорт и врски, туку во консултација со Уставен суд и Секретарјатот за законодавство.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓа Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Најнапред сакам да дискутирам за членот 4, измените што ги предлагаме пратеничката група на ЛДП, токму за овој дел каде што се регулира претплатата во фиксната телефонија.

Пратеничката група на ЛДП останува на овој амандман и ги моли колегите пратеници да го поддржат овој амандман од причини што амандманот се предлага

како времено решение, додека Македонски телекомуникации имаат ексклузивно право и монополска позиција во пазарот на Република Македонија.

Се согласувам со заменикот министер во уставните определби, за слобода на пазарот меѓутоа тоа би било во едни други услови на пазарот на Македонски телекомуникации на што ЛДП повеќе пати упатуваше на позицијата и можностите на Владата да ги преземе од тој правец. Се надевам дека со мерките на Владата ќе се олесни позицијата и поефтини услуги на граѓаните.

Амандманот 1 што го предлагаме е да вклучи 150 импулси во фиксната телефонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Најдовски, вие имате збор.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Како што кажа мојата колешка Иванова со овој амандман ние предлагаме, ништо повеќе и  ништо помалку, туку тоа што беше од порано кога Македонски телекомуникации беа, пред се во државна сопственост, а после тоа и кога се изврши приватизацијата на Македонски телекомуникации, извесен период граѓаните на Република Македонија во фиксната претплата што ја имаа, или оној таканаречен фиксен надомсток, имаа право на одреден број импулси кои влегуваа во тој надоместок. Од пред извесно време Македонски телекомуникации го скратија тоа право на граѓаните на Република Македонија, така што во фиксниот надоместок воопшто не влегуваат бесплатни разговори.

Јас би го поддржал, како што кажа колешката Иванова, господинот заменик министер дека во пазарни услови можеме на таков начин да размислуваме. Во овој случај ние во Македонија имаме монопол во една од рамките на услугите што ги добиваат граѓаните на Република Македонија. Во услови кога имаме монопол, значи немаме пазарни услуги, немаме конкурентност помеѓу сеубјекти кои даваат ист вид услуга на граѓаните. Со оглед на тоа, убеден сум, кога би се водела поголема конкуренција во фиксната телефонија, не 150 импулси, туку тогаш борејќи се за свои корисници, Македонски телекомуникации и другите даватели на такви услуги можеби ќе предлагаат уште поповолни услови од овие но тоа ќе биде во едно идно време.

Порано кога го имавме, кога се повлече Законот за измени на законот за телекомуникации, имаше објаснување дека тоа е оневозможено со правото на ексклузивитет, што му го дал тогашниот министер за финансии Никола Груевски на

Телекомуникации и слободно сега можеме да кажеме дека главната причина за високите сметки и за плаќањето на овие импулси кои порано ги имаше, ја има и одговорноста за високите телефонски сметки во Република Македонија, господинот Никола Груевски, иако сега сакаат да се отргнат од тоа. Но, граѓаните немаат никаква корист од тоа што некој е виновен, бидејќи тие и понатаму, како што во една прилика реков, телефонските сметки остануваат ноќна мора за граѓаните на Република Македонија. Затоа сметам дека не постојат воопшто никакви пречки, најмалку уставни пречки за да се прифати овој амандман, бидејќи ние не навлегуваме во тоа дека му го оспоруваме правото на фиксен надоместок што го имаат Македонски телекомуникации, туку напротив ние сега зборуваме за подобрување на правата на граѓаните во услови кога постои монополско организирање на давање на еден вид услуга. На крајот на краиштата, ако некој вели дека законски ќе има пречка, дека Телеком не го спроведува тоа па ќе видиме на суд ина или нема пречка. Затоа во оваа прилика сметам дека ние како пратеници сметаме дека треба да го прифатиме амандманот и да им овозможиме на гераѓаните, во склоп на фиксната претплата што предлагаме да не изнесува повеќе од 6 евра месечно да имаат право на 150 бесплатни импулси во тој износ од 6 евра денарска противвредност за фиксниот надоместок.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

ЉИЉАНА ИВАНОВСКА:

Сакам само да потсетам на основните одредби од Законот за телекомуникации што сега се предлог измените и дополнувањата. Ќе цитирам дел од основните одредби. Вели: “Да им се овозможи на граѓаните на Република Македонија недискриминаторски пристап до современи, ефикасни и високо квалитетни телекомуникациски услуги, середства и опрема по разумни цени, базирани на трошоците”. Затоа сметаме дека овој амандман како времено решение треба да биде прифатен зараи монополската позиција, како времено решение, до донесувањето на новиот закон за телекомуникации кој го предлагавме во расправата по Предлог на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 11 гласале за амандманот, 5 гласале воздржано и 42 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

Го поништувам гласањето.

Сега влегоа пратеници во салата и имаме 61 пратеник во салата.

Ве повикувам повторно да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Гласале вкупно 59 пратеници, 11 гласале за, 5 воздржани и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 4 поднесен од пратениците Петар Апостолов, Слободан Најдовски, Соња Лепиткова, Зоран Шапуриќ и Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Со решението во измените на законот секој корисник ако има приговор за висината на направената сметка може да добие детална сметка за одредениот период, без надоместок.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓа Ивановска, имате збор.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Овој амандман господине заменик министер не се однесува на тој дел на деталната сметка, се однесува на став 4 од предложените измени на Законот.

Ве молам, доколку имате исправка дали се прифаќа или не се прифаќа. Се однесува на став 4 од предложените измени, во член 6 од измени на законот за

телекомуникации каде “писмен приговор”, се заменува со “барање” и на крај се додава “во рок од 15 дена”

Овој амандман го предлагаме од причини што не само на писмен приговор, граѓаните и на писмено барање, не мора да имаат приговор на сметката, да можат да добијат сметка, а рокот од 15 дена се предлага затоа што оштетените граѓаните да имаат ограничен временски рок во кој ќе можат своите прва да си ги остварат по судски пат или да ги искористат сите правни механизми или да ги остварат сите права во делот на сметката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дообјаснете дали стоите на тоа дека не се прифаќа овој амандман. Зборувавте за два различни амандмани.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Не, јас дадов само кратко објаснување, принципиелно. Меѓутоа ставот на Владата е дека амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг барта збор?

Повелете госпоѓа Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Ставот 2 во членот 6 се однесува за ограничување на услугите, а нашиот предлог амандман се однесува за писмените одговори и барања и тој рок од 15 дена се однесува токму за тие барања, да се дадат во одреден рок за да можат граѓаните да си ги остварат своите права во одреден рок.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Ивановска.

Јас тоа го напоменав на заменикот министер и тој се изјасни дека амандманот не се прифаќа.

Молам, дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 61 пратеник, 12 гласале за, 6 воздржани и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмано.

Отворам претрес по амандманот на член 10 во последниот став, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Слободан Најдовски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот не се прифаќа.

.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Предлогот што го предлагаме со господинот Најдовски и господинот Шапуриќ се однесува на член 10 во измените на Законот за телекомуникации. Тоа се надлежностите на Дирекцијата за телекомуникации или Управата за телекомуникации.

Во мојата дискусија по Предлогот на законот го искажав ставот на ЛДП, на повеќето пратеници, за позицијата на Управата за телекомуникации, како регулаторно тело. Затоа сметаме дека во членот 10 се предлага бришење на став 10. Тоа е последната реченица од член 10 од Законот. Значи ние предлагаме последниот став 10 да се брише, со што останува постојното решение од постојниот закон во кое директорот има овластување да бара од јавниот телекомуникациски оператор баш заради монополската позиција и неможноста државата да реагира, затоа што во минатото Македонски телекомуникации прикажуваа фиксни трошоци што имавме прилика од јавните медиуми да видиме какви фиксни трошоци прикажува и немоќта на државата да ги спреи тие работи. Затоа сметаме дека овластувањето на Управата за телекомуникации како регулаторно тело, треба да остане.

(Со седницата продолжи да раководи Лилјана Поповска)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 11 за, 3 воздржани и 41 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Гласањето е валидно бидејќи во салата во моментот на гласање има 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 во последниот став, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Слободан Најдовски и Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 13, поднесен од пратеникот Лилјана Ивановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Амандманот го предложив бидејќи сметав дека во периодот на монополската позиција на Македонски телекомуникации треба да остане постојното решение од постојниот закон во кој во став 4 стои “Министерството за сообраќај и врски утврдува методи за утврдување на максималните цени кон универзалните услуги”. Сметам дека тоа решение е во интерес на граѓаните, а додека измените не го нудат тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, господинот Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Според одлуката на Уставниот суд укинати се правилниците за утврдување на висината на надоместокот за користење на радиофреквенции, како и други одредби од постојниот закон за телекомуникации, сврзани со утврдување на надоместоци и други давачки од страна на министерот за транспорт и врски, како дел од извршната

власт. Од тие причини неможе повеќе да се задржи одредбата утврдена во член 21 став 1 алинеја 4 од постојниот закон.

Измената на ставот 4 од член 21 е неопходна заради отстранување на една деловничка одредба за месечно определување на давачки, или давачки според користењето, кои ќе ги плаќаат давателите на јавни мобилни телекомуникациски услуги и други даватели на јавни телекомуникациски услуги. Од тие причини амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата присутни се 61 пратеник.

Гласале вкупно 58 пратеници, 10 гласале за 5 воздржани и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 13 поднесен од пратеникот Лилјана Иванова.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2 поднесен од пратениците Јани Макрадули и Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 4, поднесен од пратениците Јани Макрадули и Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 6, поднесен од пратениците Јани Макрадули и Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој бара збор?

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

И во расправата се напомена идејата и интенцијата на предлагачот беше да се направи еден баланс меѓу Советот за радиодифузија и Министеството за транспорт и врски, со идеја Советот за радиодифузија да ја води политиката, не само програмската туку и планирањето на фреквенциите и доделувањето на концесиите. Но, во овој случај имаме пак пречка од друга страна, со техничките можности или техничките преформанси што треба да ги исполнуваат трговските радиодифузни друштва, за добивање на фреквенции. Затоа и неколку пати господинот Тромбев во својата дискусија кога зборуваше за законот напомена дека на нас ни треба многу брзо и нов закон за телекомуникации и нов закон за радиодифузна дејност кој ќе ги надмине овие проблеми. Нашата интенција беше дека има различни искуства во Европа и Советот за радиодифузија да има поголеми ингеренции, пред се за програмсиките аспекти, но сепак се ограничени и од техничките можности каде што Министерството и Управата за телекомуникации имаат свое влијание. Затоа и го предложивме овој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Гласале вкупно 54 пратеници, 6 за, 8 воздржани и 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 6 поднесен од пратениците Јани Макрадули и Томе Тромбев.

Отворам претрес по амандманот на член 10, став 7, поднесен од пратениците Јани Макрадули и Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ;

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 15, поднесен од пратениците Јани Макрадули и Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ;

Амандманот не се прифаќа од причина што е спротивен на членот 70 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, односно член 33 и член 34 од времената спогодба за трговија и трговски прашања кои стапија во сила во април оваа година.

Исто така, овој амандман е спротивен на правилата и стандардите на СТО, Република Македонија со самото пристапување кон СТО има превземено обврска да го почитува меѓународниот договор.

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Добро, нашата намера беше, ние ги знаеме овие принципи на процесот на отварање на пазарот или либерализација на пазарот, но тоа е, пред се, за телекомуникациски услуги. Ние сметавме во овој меѓу период помеѓу овој закон и новиот закон како за телекомуникации така и за радиодифузна дејност практижно ќе биде неприменливо ова да можеме сега да ги префрлиме ингеренциите во Министерството каде тоа во координација со Советот за радиодифузија може да ги доделува или новите концесии или условите за игра на кабелските оператори.

Да не се свати погрешно, го повлекуваме амандманот со господинот Тромбев, кажав од кои причини го поднесовме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 18, поднесен од пратениците Јани Макрадули и Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Јани Макрадули и Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 во новиот член 70-а за додавање нов став 2-а по ставот 2, поднесен од пратениците Јани Макрадули и Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 во новиот член 70-в за менување на став 1, поднесен од пратениците Јани Макрадули и Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Со предложениот амандман се воведува нова дефиниција кабелски дистрибутивен систем што не е во корелација со кабелска радиотелевизиска мрежа која произлегува од дефиницијата за телекомуникациска мрежа како основа во пирамидата на разни видови на телекомуникациски мрежи.

Дефиницијата за кабелска радиотелевизиска мрежа е усогласена со дефинициите кои се користат во Меѓународната унија за телекомуникации и директивите во Европската унија.

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Добро, термините што се употребуваат тука се во однос на дефинициите кои ги дадовме со г. Тромбев во почетокот по однос на дефинициите, но сметавме да не го оптоваруваме овој закон, бидејќи е привремено решение, ги повлековме дефинициите и овој амандман има смисла само со тие дефиниции кои ги повлековме и го повлекуваме овој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4, поднесен од Законодавно-Правната Комисија

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за заменување на ставовите 1 и 2 со три нови става, поднесен од Законодавно - Правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на став 9, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 на точките 2, 3, 5, 14, 15, 16 и 17, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членовите 32 и 33, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, тој станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на законот гласаа 60 пратеници од присутни 62, за гласаа 55, 1 воздржан, 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите.

**Преминуваме на 19-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

А министерот?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Простете министре не бевте регистрирани, немате картица, ова е пропуст на службите, молам да се исправи.

Госпоѓо Којзеклиска простете, да го слушнеме прво министерот.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Јован Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Благодарам, ќе ми дозволите почитувани пратеници, мошне кусо да ги претставам измените и дополнувањата на овој закон.

Имено, предложените измени и дополнувања се дел од вкупните реформи на процесот и службите за посредување при вработувањето. Имено, овој процес и овие служби, за жал, во текот на изминатите години не беа предмет на реформите и настанаа повеќе тесни грла како резултат на екстерни фактори, меѓутоа, и на внатрешно организирање на овие служби.

Инаку, реформата на централната институција на Заводот за вработување отпочна во последниот квартал на минатата година, предвидено е таа да заврши еден месец по стапувањето во сила на овие законски измени со стапување во сила на повеќе подзаконски акти на оваа институција со кои таа треба да го прилагоди своето работење на новите законски услови.

Имено, Заводот за вработување како централна институција се трансформира во Агенција од една страна и ќе следи негова внатрешна реорганизациај насочена кон две централни цели:

Прво, и во структурата на Буџетот и во структурата на операциите да се стави многу поголем акцент на т.н. активни мерки на пазарот на трудот. Ние веќе преку Буџетот што го донесовме такви мерки предвидовме така што и буџетите на Заводот за вработување од минатите години кога беа само 3-4% предвидени за активни мерки во Буџетот и за 2003 и за 2004 година тој процент порасна меѓу 10 и 15%. Предвидуваме таа динамика да ја задржиме и во наредниот период и за остварување на ваквата буџетска политика потребно е редизајнирање на капацитетите внатре во Заводот за да може овие политики да ги следи.

Се менува и начинот на управување со Заводот. Имено, досега доминација во Заводот имаше Владата преку именување на сите претставници на Управниот одбор, сега балансот во Управниот одбор се менува, многу позначајно место добиваат претставниците на синдикатите и претставниците на работодавачите. Со ова всушност сакаме сегашниот завод, а идната Агенција за вработување да биде вистинско место за посредување на интересите на трите засегнати страни како што се работодавците, работниците и Владата. Очекуваме

ваквите промени во начинот на управување со Заводот да придонесат за поголема иницијативност и на работодавачите од една страна и синдикатот од друга страна.

Тоа е што се однесува до јавниот дел, до јавната институција за вработување. Истовремено го либерализираме пазарот на посредување така што во Законот се регулира местото, улогата и начинот на функционирање и на т.н. приватни агенции за вработување. Пазарот е максимално либерализиран со тоа што на овие приватни агенции за посредување при вработување се дава можност да посредуваат и за вработувања во државата и за вработувања во странство и се дефинират одредни правила до кои овие агенции ќе мора да се држат. Притоа сите овие промени се направени во согласност со она што е практика во Европската унија затоа што беше и во подготовките на законот посочувано прашањето на конкуренцијата меѓу приватните агенции и на јавната агенција прво, во принцип секоја конкуренција е мошне здрава, а второ од анализите што ги имаме од повеќе европски држави приватните и јавните агенции се всушност компатибилни затоа што јавните агенции се ориентирани на помалку квалификувана работна сила додека приватните агенции најчесто се специјализираат за одредени профили и многу добро во тој дел си ја вршат својата функција.

Инаку, уште две битни работи би истакнал. измените на овој закон како и целата реформа во Заводот е дел од КАРДС Проектот кој почна минатата година, ќе трае оваа година, а ќе заврши некаде кон средината на наредната година тоа во под дифол значи дека се она што е ставено во овој закон е усогласено со нормативите и практиката на земјите членки на Европската унија.

Исто така овој закон ја помина експертизата на меѓународната организација на трудот која е најреферентна организација за ваков тип на промени и се разбира ја помина нашата домашна процедура низ Економско-социјалниот совет каде беше разгледуван од трите социјални партнери.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието господинот Љупчо Јордановски).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Манасијевски.

Пред да дадам збор на првиот пратеник сакам да ве информирам дека денеска пауза ќе правиме од 14,00 до 15,00 часот за да овозможиме присуство на

пратениците на еден семинар што го организира Комисијата за европски прашања во сала број 2, а и онака почнавме со работа во 11,00 часот со одредена пауза.

Збор има пратеничката Којзеклиска, а нека се подготви пратеничката Мингова - Крепиева.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Господине претседател, почитуван министре, дами и господа пратеници,

На почетокот сакам да ве потсетам дека ние пред неколку дена имавме можност да избереме Влада на Република Македонија која понуди програма за работа и во која имаше еден дел или петти по ред кој се нарекуваше динамизирање на стопанските активности, структурните реформи, привлекување на странски инвестиции, намалување на невработеноста и сиромаштијата.

Денеска имаме закон за вработување и осигурување во случај на невработеност. Значи, неодминлив дел од самиот Предлог на закон покрај, како што наведе министерот, структурните реформи во самиот Завод за вработување или Агенција за вработување мора да се даде на аспектот вработување затоа што името на законот е Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Можеби Владата смета дека еден од спектакуларните изуми кој се подготвувал 18 месеци е токму денешниот предлог за изменување и дополнување на законот, меѓутоа, имаме повторно административна мерка или имаме повторно со административна мерка да се бара да се хармонизира Република Македонија и законодавството на Република Македонија со регулативите на меѓународната организација на трудот и Европската унија и како што е наведено во причините да се создадат институционални и други претпоставки и услови за имплементација на утврдените обврски и мерки со меѓународните и домашните регулативи, а притоа сметаме дека не е земена во предвид фактичката состојба која е на терен.

Искрено кажано истото ова оди во спротивност со она што го кажа во своето експозе тогашниот мандатар, а сегашниот премиер на Владата кој ќе го цитирам, кој велеше: “Владата нема ниту да се затвори во канцеларии затрупана со хартии, оптоварена со чиновнички елемент, претседателот и министрите нема да бидат заробеници само на подготовки на закони и информации, бидејќи само на тој начин не се решаваат проблемите во државата”. Тоа е од експозето на мандатарот на Владата.

Конкретно сметам дека овој предлог е продолжение на досегашната пракса на Министерството за труд и социјална политика во кое министерот многу пати покажа и докажа, со оглед на бројот на досега поднесените закони кои ги имаме од оваа област, единствено како да брка бројка, кажано со жаргонот на судиите, за да му се припишува атрибут на успешен министер кој многу го хармонизира нашето законодавство со законодавството на Европската унија, но истовремено сите сме сведоци дека ни еден закон не  постигна макар некаков ефект кој граѓаните ќе го почувтсвуваат на свој грб. Она што единствено го почувствуваа беше зголемување на бројот на социјалните случаи, ефектите од Законот за инвалидизираните лица допрва ќе ги видиме, како што и допрва ќе следат ефектите од т.н. Бранков закон кој закон, според министерот, беше можеби од епохално значење, а на дневен ред на денешната седница ни е и законот за семејство кој исто така сметам дека во одредени делови не е доволно разработен од самото Министерство, со што добивам впечаток како министерот Манасијевски да не припаѓа на ова Министерство, а сепак името на ова Министерство е Министерство за труд и социјална политика и во негова надлежност е и водењето на социјалната политика во државата и евиденцијата на невработените и многу други надлежности што вие почитуван министре сигурно дека не можете да ја водите, барем во делот на социјалната политика, за трудот не сакам ни да разговарам, со поднесување на непродуктивни закони или уште полошо со поднесување на предлози за изменување и дополнување на закони кои продуцираат, за жал, и поголем број на невработени и поголем број на социјални случаи и на сиромаштија.

Затоа сметам дека треба да го послушате премиерот Хари Костов посебно со оглед на фактот дека вашето Министерство има специфични обврски ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска еве точно 5 минути зборувате но за законот што е на дневен ред не кажавте ни еден збор. Ве молам почнете со законот. Пет минути е доволен вовед.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Претседателе, самиот закон кога почнува предлогот има причини поради кои се донесува закон, има основни начела, така што ќе ми дозволите ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не го слушнавме тоа по 5 минути ваше експозе, Ве молам почнете со законот.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ќе почнам кога ќе сметам дека ќе треба да почнам, тогаш ќе почнам, а вие ќе ми го одземете зборот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Значи, рековме дека министерот треба да го послуша премиерот и посебно да појде малку во Републичкиот завод за вработување или согласно новата номенклатура Агенцијата за вработување во Република Македонија, бироата за вработување како и во центрите за социјална работа кои спаѓаат во негова надлежност и тогаш на терен лично да се уверат тој и неговиот тим во фактичката состојба која ја регулира проблематиката на предлогот за донесување на овој закон како и идните предлози кои ќе дојдат согласно барањата за хармонизација на нашето законодавство со законодавството на Европската унија.

Сега почитуван претседателе, дали ќе ми дозволите да преминам на анализа на предлогот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас тоа го чекав од почеток.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Добро, сега ми е помирна совеста.

Значи во причини кои се наведени во предлогот за изменување и дополнување на законот а поради кои треба да се донесе овој закон, повторно како и во сите досегашни предлози од Министерството за труд и социјална политика ќе повторам, се продолжува со активностите и усогласување на нашето законодавство со законодавството на ЕУ.

Јас разбирам дека меѓу другото потребно е и реконструирање и модернизација и јакнење на капацитетот на службите за вработување. Но, никако не ми е јасно почитуван министре како овие служби ќе создадат, како што велите во самиот предлог приоритет на активни мерки на пазарот на трудот. Не ми е јасно како предложените измени ќе создадат погодности и бенефиции за повторно вработување и започнување на сопствен бизнис.

Дали мислите дека  со проширувањето на видовите на обука, со спроведување на обуки пред престанок на работен однос, со краткотрајни обуки на самото работно место ќе се спречи, или доколку не се спречи ќе се намали бројот на отпуштањето од работа.

Јас сметам дека ако така размислувате и вие и вашите соработници сте во заблуда и јас ќе се потрудам да го докажам тоа.

Во членот 1 од предлогот за изменување и дополонување на Законот, односно членот 14 став 2, меѓу другото се вели, затоа што со овој член се дефинирани надлежностите за вработување или Републички завод за вработување, меѓу другото се вели дека Агенцијата за вработување ќе може самостојно да врши услуги на обука, прекфалификација и доквалификација пред престанокот на работниот однос.

Би сакале само да укажам дека во овој став мора почитуван министре да се прецизира престанок на работен однос. Затоа што вака формулираната одредба треба да се однесува на случај кога постои опасност од престанок на работен однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени, а не и по сите можни основи за престанок на работен однос.

Во предложените членови 1, 2 и 3 од овој предлог, кај мене и кај другите колеги кои сериозно го разгледувале овој предлог, постои основано сомнение од можната хаотичност што ќе настане, со постоење на две паралелни институции и тоа Агенција за вработување и Агенција за посредување во вработување кои имаат речиси идентична дејност, имаат иста крајна цел, а тоа е вработување на лица.

Уште поинтересно ќе биде доколку се даде одговор на новиот став 2 од членот 14, или членот 1 од Предлогот, каде што вели самостојно и преку јанви и приватни обезбедувачи на обука итн. Кои се тие јавни обезбедувачи на обука и каде ќе бидат дефинирани тие јавни изведувачи на обука, а што се однесува до приватните обезбедувачи на обука, кои критериуми ќе се предвидат за да се определат тие приватни обезбедуважчи на обука.

Во членот 3, поточно новиот член 26-а став 3, вака како што е формулиран, верувајте дека апсолутно или крајно е нејасен. Можеби тоа е и причината што ЗПК има поднесено амандман токму на овој став 3 од членот, со цел да се направи оваа одредба појасна, попрецизна, што не го гледам од основниот текст од Министерството, нека се потруди оваа одредба да биде прецизна и јасна, за да може да биде применлива во праксата. Но, затоа се потрудила ЗПК и тоа е добро.

Кога сме веќе кај овие членови нови 26-а, 26-б, 26-в, би сакала да укажам дека посебно кога се работи за Агенцијата за посредување во вработување кое треба да

биде субјект како во земјата, тка и во странство, а земајќи ја предвид тежината на нејзината работа, неопходно потребно е строго да се дефинираат условите кои треба тој субјект да ги исполни за да го добие одобрението за работа преку Агенцијата. Тука навистина не мислам на генералните и општите услови кои се предвидени за вршење на било која дејност, туку токму на тие специфични услови кои се потребни за вршење на специфичната надлежност на Агенцијата з посредување во вработување.

Во членот 26-в, така како што е предвиден дека Агенцијата за вработување и Агенцијата за посредување за вработување меѓусебно разменуваат информации за слободните работни места и упатување на невработени заради вработување, јасно произлегува, или мене така ми се чини, во согласност со тоа што го читам од предлогот, дека Агенцијата за вработување, всушност, ќе претставува сервис на Агенцијата за посредување во вработување, затоа што сепак евиденцијата на невработени лица ја има Агенцијата за вработување. А најмалку така како што е формулирано се работи за меѓусебно разменување на информации. Тоа би било така, доколку навистина постојат реални можности за вработување, но ако се предлага вработување во странство, ако се предлага дека за вработување во странство ќе се врши вработувањето врз основа на билатерален меѓудржавен договор, односно спогодба, ќе се врши со барање на работодавците кај кои ќе бидат упатувани лицата за да се вработат, земајќи ја предвид од друга страна можноста на граЃаните на Република Македонија да патуваат, а пак да не зборуваме и да се вработуваат во ограничен број на земји во Европа и со оглед на фактот дека на нас ни се потребни визи од ЕУ, во која постои тој визен режим, тогаш оправдано почитувани колеги, се сомневам во успешноста на работата и на двете агенции, посебно на Агенцијата за посредување во вработување. Можеби само африканскиот континент остана како перспектива на граЃаните на Република Македонија, но и на тоа ќе се согласам, верувам дека и сите вие ќе се согласите само да имаме барем некаква перспектива.

Понатаму, во членот 4 од Предлогот се додава во членот 27 по ставот 1, се додава нов став 2 кој гласи: “Агенција за посредување на вработување не може да основа правно или физичко лице кое врши стопанска дејност”. Имаме две години за продолжување на ставот кој се надополнува ставот 4, после зборот “наплата” не може да се пренесе во целост или делумно на физичко или правно лице. И понатаму продолжува во врска со одземањето.

Вака како што е дадено се поставуваат три основни прашања зошто се споменува само стопанската дејност, зошто рокот на одобрението е само две години или врз основа на кои критериуми е утврдено токму тие две години. Не е една, три, пет, би сакала тоа да го слушнам од министерот.

На крајот, третото прашање кој субјект ќе ја сноси одговорноста, доколку настанат определени последици.

Понатаму во членот 5 дефиниран е поимот невработено лице во смисла на овој закон и тука ние имаме 6 точки кои кумулативно треба да бидат исполнети за едно невработено лице да биде третирано како такво.

Мое размислување е, во врска со овој член, ако сите овие услови, така како што се дадени треба да се исполни заедно, значи кумулативно, за да едно лице биде дефинирано како без работено лице врз основа на овој закон, тогаш навистина, ова ми личи на перверзија во однос на условите кои треба да ги исполни определено лице кое се пријавува на конкурс или на оглас. Имаме шет точки едно лице да биде дефинирано како невработено лице, а знаеме од искуство конкурси и огласи, што се се бара кога се пријавуваат определени лица кога бараат работа.

Сметам дека Владата по ваквиот предлог како ни ја сервира дефиницијата за невработени лица со крајно свесна намера сака да ни го сврти вниманието од најгоркливот проблем, а тоа е како тие лица кои се невработени да станат вработени. Сепак се работи за бројка од 400 илјади во моментот. Незнам дали тоа нема да се зголемува. Тоа е основниот проблем почитувани колеги вработувањето. Сметам дека власта прави се што е потребно само а се одвлече вниманието од овој основен проблем.

Во ставот 2 од тој член во 10 редови имаме дефинирано што значи активно бавење на работа. Во интерес на сите вас, јас ќе ви го прочитам овој став 2, во кој се вели: “ под активно барање се подразбира редовно пријавување во Агенцијата за вработување во роковите утврднеи со овој закон, се јавува на покана од Агенцијата за вработување заради присуство на состаноци и интервјуа, доставување на потребни документи, упатување кај работодавци заради вработување и разговори во врска со искажаните потреби и услови за вработување и упатување кај работодавци, здруженија на работодавци и институции заради вклучување во обука и преквалификација, или доквалификација заради вработување. Убаво е вака што ни се укажува што значи активно да се бара работа, кои активности спаѓаат под активно барање на работа, убаво се сервирани и рзглобени во овој став 2, но мене ме иритира почитувани клеги, потценувачкиот однос, или воопшто потценувачката

политика, која главно државата ја води кон сите граѓани на Република Македонија, вклучително со оваа одредба. Па не сме ние почитувани колеги паднати од марс, ниту граѓаните на Република Македонија се паднати од марс, па ништо досега не чуле, не виделе и не разбрале. А со оглед на тоа дека бројот на невработени со години наназад е толку, сигурно имаат искуство и самите граѓани што значи активно да се бара работа дека треба да се пријавуваат во тој рок а во спротивно има санкции доколку не се пријавуваат во тој рок. Навистина, сметам дека граѓаните, може би во некои земји и е потребно вака раздробено дефинирање што значи активно барање на работа. Меѓутоа, сметам дека во Република Македонија граѓаните се доволно зрели за да знаат барем во областа на невработеноста што значи да си невработено лице и што значи да бараш работа. Затоа што сепак некои права ти зависат од тоа редовно пријавување.

Ќе се вратам на точката 6 од членот 5 и ќе ви ја прочитам: “на кој работниот однос му престанал по негова волја”. Така стои во предлогот. Ако остане вака како што е дефинирано оваа одредба морам да појаснам дека во услови на пазарна економија каде работниот однос е договорен однос на слободно изразена волја помеѓу работодавецот и работникот и каде работникот и работодавецот се рамноправни партнери при воспоставувањето или при престанок на работниот однос, тогаш не може слободно изразената волја на работникот за престанок на работниот однос да му биде ограничувачка норма за да биде пријавено како невработено лице. Тоа е доколку вака остане точка 6. Меѓутоа, ЗПК има поднесено амандман токму на оваа точка, согласно кој амандман оваа точка треба да гласи вака: “на кое работниот однос не му престанал по негова волја”.

Сметам дека образложението на ЗПК не држи токму од овие причини што пртходно ги наведов, затоа барам од министерот, затоа што повереникот се има произнесено по оваа одредба а од министерот да ми се дефинира дали ќе остане одредбата која постои во самиот предлог на законот, или ќе се прифати амандманот на ЗПК.

Во членот 57-а, и тоа е членот 9 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот се вели: “невработеното лице кое нема да ја извести Агенцијата за вработување за промените што влијаат за стекнување и губење на правата, а од страна на инзпекцискиот орган се затекне да работи спротивно на Законот, или одбие работно ангажирање за вршење на јавни работи се брише од ивиденцијата на невработени лица и може повторно да се пријави по истекот на една година”.

Јас ќе го анализирам оној дел да го одбие работното ангажирање за вршење на јавни работи, затоа што се јавува, барем за мене дилема, невработеното лице кое ќе се вработи приоритет му е да биде уредно пријавено согласно законските прописи. Согласно законот работодавачот е должен да ги врши сите тие активности околу вработувањето, или престанокот на работниот однос и сега со ваквата одредба се сака таа одговорност што ја има работодавецот да се пренесе на невработеното лице кое постојано ќе го поттикнува работодавачот да ги врши обврските кои му се дадени согласно законот во однос на пријавување на невработеното лице. Јас разбирам самото лице кое е невработено, а сака да стане вработено само иницијативно да трчка да си ги заврши сите работи кои му се потребни како пријавувањето, но треба да знае да се потсетиме дека на сите пторебни документи и обрасци кои треба да ги даде работодавачот е потребен потпис и печат од работодавецот.

Значи со ваквата одредба наместо да го казниме работодавачот кои сите сме сведоци дека има случаи кога не вработеното лице кој не го пријавува невработеното лице, а истовремено му пласира невистини и лага дека во тек е постапката за негово вработување, поаѓајќи од Фондот за пензиско, за здравствено осигурување и сите натамошни активности кои следат, а инспекцијата истовремено, ќе го затече како работи, тогаш ние во тој случај невработеното лице освен тоа што го бришеме од евиденција и му забрануваме една година да се пријавува во Агенцијата за вработување како невработено лице.

Со членот 12 или членот 68 став 1 сметам дека одредбата како што се нуди е добра, со која висината на месечниот паричен надомест за време на невработеност се утврдува врз основа на пресметаните и исплатените плати кај работодавачот, соглансо законот и колективниот договор и изнесува 50% од просечната нето плата на работникот за последните досега ги имавме 12, а сега со новиот предлог е 24 месеци за лице кое итн.Значи сметам дека оваа одредба со зголемување на бројот на времето потребно за пресметување на паричниот надомест е добро.

Во членот 14, односно новиот предлог на членот 72-а всушност имаме враќање на модифициранаta поранешна одредба на членот 73 од овој закон која постоеше од порано, но треба да се подзамислиме во однос на ставот 2 и 3 што се предложени во членот 72-а, од причини што станува збор за исплаќање на средства, на парични средства и тоа само во нето износ, кои согласно законот му припаѓаат на невработеното лице, поради престанок на работен однос. Тоа не се екстра средства што ги издвојува државата за негово повторно вработување, па за да се

бара еден вид заштита на интересите на државата токму со овие став 2 и став 3. Министерството треба да се запраша доколку останат овие два става ставот 2 и ставот 3 дали и покрај добрата намера која ја има Министерството вака предвидениот член воопшто ќе заживее во праксата.

Понатаму, во членот 16, поточно во новиот став 3, навистина не ми е јасна намерата на предлагачот на законот во делот: организаторот на работите кои работно ќе ангажира невработено лице корисник на паричен надоместок на јавни работи над 30 дена има право на надомест од Агенцијата за вработување месечно во висина на паричниот надоместок на ангажираното невработено лице, но не повисоко од утврдената висина на ставот 2 од овој член. Овој дел од новиот став 3.

До колку треба да се мотивира организаторот на работата да ангажира невработени лица, тогаш е во ред, но ме збунува фактот што Агенцијата за вработување ќе треба да му исплаќа надомест на организаторот на јавните работи што ангажирал невработени лица кај него, се наведува времетраењето во самата одредба на тоа право на надомест, а не се наведува од кои средства ќе биде исплаќан тој надомест.

Во натамошниот дел на Предлог законот и одредбите кои се предлагаат, а се однесуваат на организацијата, управувањето и раководењето на Агенцијата за вработување, новина е што, како што кажа и самиот министер, има промени во однос на самата структура на Управниот одбор на Агенцијата за вработување, така што се намалува бројот на членовите на Управниот одбор кои ги именува Владата, на сметка на тоа влегува уште еден член од Асоцијацијата на работодавците и еден од асоцијациите на  Синдикатот. Меѓутоа, незнам дали случајно или намерно, во овој член 18 е испуштен мандатот на членовите на Управниот одбор. И за ова има поднесено амандмано ЗПК, па ќе видиме како пратениците ќе се произнесат по овој амандман.

Новина е и утврдената нова функција на заменик директор на Агенцијата. Веројатно се отвора заради вработување на определен еден припадник на заедниците, кои изнесуваат на 20% во Република Македонија , или согласно имплементацијата на Рамковниот договор. Меѓутоа, не можам да разберам зошто амандманот кој го предлака ЗПК, да се изготви пречистен текст на Предлогот на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, кој сепак ќе стане тешко применлив со оглед на бројните измени кои ги има и кога веќе одиме на хармонизација на нашето законодавство со законодавството на ЕУ, треба еднаш веќе да почнеме да предлагаме, како што многу пати досега од оваа говорница од

опозицијата беше укажувано да се предлагаат нови текстови на закони, а не постојано да се нудат пречистени текстови на закон.

Вака како што е предложен овој предлог од страна на министерството, сметам дека кај министерот има добра намера да се уреди оваа проблематика, има намера да се хармонизира и усогласи нашето законодавство, меѓутоа, мене само ме плаши имплементацијата не на Рамковниот договор, туку примената во практика на ова што се предлага со овој закон. Уште еднаш ќе потенцирам, не смее да се дефокусира вниманието на невработените лица и да се концентрираме на дефиниција на невработено лице од основниот проблем кој постои, а тоа е вработувањето кое му е потребно на над 400 илјади граѓани во Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Којзеклиска.

Реплика за г-динот Ристе Бислимовски.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Внимателно ја слушав колешката Којзеклиска и за жал со многу малку работи од нејзиното изнесување можам да се согласам. Меѓутоа, бидејќи беше долга во своето искажување, во овие три минути сигурно неможам да одговорам на сите прашања, но сакам колешката да ја потсетам на нејзината контрадикторност.

Од една страна, верувам дека и таа се залага за намалување на бројот на невработените, но од друга страна жестока беше во критиките за одредени решенија на Предлогот на законот, а покрај тоа се прошири во нејзината дискусија и на други области кои немаат голема врска за овој предлог за кој денеска расправаме. Бидејќи трите минути не дозволуваат моја поширока елаборација ви за ви излагањето на колешката, јас сакам само да ја потсетам колешката, мора да се согласиме, а верувам дека и таа ќе се согласи, дека овие решенија се предлагаат и добро е да се усвојат во услови кога во Република Македонија владее пазарно стопанство. Исто така, овие решенија мора да се прифатат затоа што нашата амбиција е што повеќе да јакнее правната држава. Ако се имаат предвид пред се овие два факти, овие два принципи, тогаш голем дел од дискусијата на колешката ќе падне во вода и се ќе се сведе на нејзино политичко или маркетиншкото претставување пред јавноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-ѓа Благородна Мингова - Крепиева, а нека се подготви пратеникот Цветанка Иванова.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА - КРЕПИЕВА:

Благодарам претседателе,

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Имавме една поширока елаборација на законот. Добро што беа исчитани сите измени и дополни, а коментарите ги оставам на секого лично.

Да потсетам дека пред извесно време на едно од продолженијата на 55-та седница, на дневен ред беше и Предлогот на законот  поттикнување на вработеноста, поднесено од група пратеници и тогаш го повлековме законот од причини што Владата во процедура веќе го пушти овој Предлог на измени и дополнувања на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, во кој според наша оценка беа вградени дел од предлозите кои ги понудивме со тој Предлог на закон, а оценка од наша страна беше дека тие решенија се поповолни од она што ние го нудивме со Предлогот на закон.

Да се говори денес за проблемот и невработеноста и сиромаштијата е тема која е доста широка и на секого може да му даде мноштво аргументи. За тоа најмалку сакам да говорам сега, расправајќи по овој предлог за изменување и дополнување на овој Закон, затоа што сметам дека повторното констатирање на присутните состојби и бројки може само да го измести нашето внимание од наоѓање можни решенија за ублажување и решавање на овој горлив проблем.

Но сепак, со оглед на тоа што и во изминатата недела, при гласањето за новата Влада, а и денес повторно се потенцира бројката на невработеност која навистина е огромна, но мислам дека за волја на вистинате треба да кажеме дека истата е во постојан пораст од 1998 година, и дека за прв пат во март, април, мај имаме, иако незначително, но благо опаѓање на таа бројка. Таа бројка во изминатиот период беше зголемена и како резултат на решавање на загубарите поврзани со ФЕСАЛ  2 аранжманот и мислам дека кога говориме за ова прашање , подобро е да се задржиме на она што и Националниот акционен план на Владата го нуди и она што го нуди овој закон со своите измени и дополнувања.

Во овој правец особено се значајни понудените решенија каде се зајакнува контролната функција и се подигнува квалитетот на услугите на веќе трансформираниот Завод за вработување во Агенција за вработување, при што особено треба да се подобрат процедурите за пријавување и регистрирање, како и

нивната најважна функција, посредување и зајакнување на соработката со работодавачите. Агенцијата за вработување со сегашните законски решенија и Агенцијата за посредување при вработуваето ќе ја имаат и можноста за посредување при вработување на наши лица во странство врз основа на билатерални меѓународни спогодби и врз основа на спогодби потпишани директно со работодавачот од странство, така што дилемите поставени во претходната дискусија дека неможноста за благовремено добивање на визи и нешто слично отпаѓаат. Токму преку оваа можност на Агенцијата за посредување при вработување во странство се намалуваат и се избегнуваат можните пропусти, недоследност па и несигурноста на лицата вработени во странство, како и подобра евиденција од страна на Агенцијата, така што мислам дека прашањето на визниот режим тука се олеснува.

Сакајќки да се издигне одговорноста на невработените лица во почитувањето на законски пропишаните мерки и норми, понудени со овие законски решенија, тие се обврзуваат како невработени, така и Агенцијата за посредување и за вработување, на зголемена контрола, воведување на обврзно пријавување, присуство на состаноци, интервјуа, посета на обука, квалификација или доквалификација заради вработување, како и работно ангажирање во јавните работи, што го стеснува просторот на не малку присутната појава, особено во последно време дури и јавно евидентирана, лицата да се пријавуваат како невработени или пак да користат некои од паричните надоместоци, а при тоа да работат непријавени. Неколкуте спроведени контроли, за кои можевме да дознаеме и од јавниот печат, потврдија дека одредени профили на занимања не сакаа дури да се одзват на понудата за вработување. Да не ги споменувам, мислам дека јавноста добро ги знае и токму од овие причини, со оглед и на самиот факт дека најчесто тие лица заради здравствено осигурување или користење на тој паричен надоместок, не сакаат да се вработат, сметам дека треба да се размислува за растоварување на Агенцијата од административните работи во здравственото и пензиското осигурување, оставајќи ги истите во доменот на фондовите, а работата на Агенцијата да се насочи кон нејзината суштинска дејност, посредување и оспособување за вработување и сл.

И на крајот едно решение, кое посебно сакам да го истакнам, особено што бев и еден од предлагачите на законот за поттикнување на вработување, тоа е во новиот член 72-а со кој неисплатениот дел од паричниот надоместок се врши по

барање на невработеното лице да се исплати во еднократен износ или во месечни рати за засновање на работен однос на неопределено работно време.

Овде би укажала, за да не дојде до злоупотреба на оваа одредба од страна на некои работодавачи во смисла на фиктивно одење во стечај или технолошки вишок Министерството да ги зајакне мерките на контрола  или преку правилник тоа да го регулира. Со оглед на фактот што оваа одредба се однесува на лица кои добиваат паричен надоместок по основ на  стечај или технолошки вишок, сметам дека ваквото решение треба да се стави и во Законот за социјална заштита, за корисниците на социјалната  помош или  со друг вид одлука од страна на Владата истото да го реши и во корист на оваа категорија граѓани.

Од овие причини накратко што ги истакнав, јас лично и пратеничката група на СДСМ ќе го поддржиме овој Предлог на закон за изменување и дополнување за врабтување и осигурување по основ на невработеност.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Мингова.

Бидејќи не ја гледам г-ѓа Цветанка Иванова овде, има збор г-дино Ефтим Манев а по него Жарко Караџоски.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Накратко би сакал да се  осврнам на неколку одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, кои сметам дека недоволно се правно регулирани и  ќе има пропусти во примената на одредбите на Законот.

Прво, неспорно е дека има потреба од донесување на ваков закон за изменување и дополнување на постојниот Закон, при што министерот прави напори да им помогнеме на невработените лица, особено за вработување надвор од Република Македонија . Би сакал да се произнесам по членот 26-а, каде што се зборува за Агенцијата за посредување при вработувањето на невработените лица и сметам дека се направени пропусти со ваквата одредба. Иако истата е внесена со добри намери, сметам дека во практичниот живот ќе се јавуваат недостатоци, особено кај вработените лица преку овие агенции, ако таквата агенција не им обезбеди на овие лица кои ќе бидат вработени во странски држави да бидат

вработени токму кај работодавачот во таа држава, па оттаму да ги обезбедуваат своите права од работен однос во врска со надоместоците кои им следуваат. Според формулацијата што е дадена, очигледно е дека ќе се дозволува, како што беше и досега во животот, таквите лица кои ќе се вработуваат преку овие агенции за посредување примањата да ги примаат од истата Агенција , кои ќе бидат веројатно пониски од тоа што истите го заработуваат во тие странски држави, а уште е потешка состојбата со тоа што е ставена одредба, доколку таквите работници не бидат исплатени за својата работа, тоа да го бараат преку Агенцијата. Сметам дека е тешко тоа да се прави, бидејќи самите агенции за посредување се поставени така што тие се непрофитабилни, односно ќе имаат по некое биро во Република Македонија и ќе немаат никаков имот на сметка во Република Македонија , па доколку се појавуваат такви - знам дека досега имаше и тужби за такви агенции - ќе се вратат работниците кои ќе бидат испратени после 3, 4 , 5 месеци ако не им бидат исплатени платите кои треба да ги заработат во таа странска држава и ќе дојдат да ја тужат Агенцијата ?!

Во никој случај не може и нема ни да ја најдат таквата агенција и нема што да земат од неа. На оваа одредба јас укажував и на ЗПК. Не најдовме можеби сега такво решение бидејќи законот оди со предлог за донесување со предлог. Дали го имал тоа во предвид министерот и самото Министерство кои што го подготвувале законот, или ја немале во предвид таквата состојба што може да се случи. Сметам дека овој закон требало да оди во две фази, министерот да ги слушне сите тие укажувања од страна на пратениците и би дошол еден поконкретен и појасен закон. Доколку остане вака и биде усвоен, мислам дека министерот ќе треба многу брзо да се зафати со таквата одредба и да најде друга правна регулатива со која што нашите работници ќе бидат целосно заштитени. Сметам дека во странските држави, поготово ние може да бараме вработување во развиените западно-европски држави. Таму е многу подобро регулирано правото на работникот од работа и тешко би дошло на некого да не му биде исплатено. Вака како што е поставена одредбата во членот 26-а агенциите ќе склучуваат договори, овие агенции кои се за посредување. За вработување на лица од Република Македонија таквите странски претпријатија тие ќе ги исплаќаат парите кај агенцијата, а агенцијата нема да им ги дава. Затоа агенцијата за посредување треба да биде таа што во доволна мера ќе се грижи да наоѓа работи во странство, а исто така да се грижи во доволна мера таквите работници да стекнат статус на вработено лице во таа држава, во таа фирма и од таму ќе ги примаат и примањата за кое нешто сметам дека во развиените држави не

може да не биде исплатена плата на ниту еден работник кој работел. А вака ќе имаме проблеми, ќе имаме вработувања, но вработувања без пари. Мислам во тој дел ќе треба министерот малку повеќе да се позанимава, или да ги испита случаите до сега што е правено и до колку законот сега оди во две фази, мислам дека набрзо на таквата одредба ќе треба да направи измени и дополнувања и поинаку да биде регулиран тој дел. Само сакав во тој дел да се произнесам дека нема сигурна гаранција за нашите луѓе. Мислам дека ќе се вработуваат, но голем дел ќе останат и без да земат пари за нивното вработување, од нивната работа. Потоа би сакал да укажам и на членот 20 каде што е регулирано кој може да биде директор, или помошник директор, заменик директор на агенцијата. Таму е наведено дека таквите лица ги предлага Владата и истите треба да имаат завршено високостручна наобразба со работен стаж од пет години. Сепак, вработувањето е посебна работа со посебно искуство и знаења. Мислам дека треба да има малку подефинирано во тој дел. Прашање е дали секој човек кој што завршил висока наобразаба и работел пет години по дипломирањето, може да биде директор на агенцијата за вработување. За да бидеш директор, или заменик директор, сепак треба да имаш познавања по таа проблематика. И мислам дека во тој дел треба да е додефинирано кои професии и какво работно искуство би можело да ја обавува таа работа. Единствено ако овој дел како што е вака формулиран за поблиски критериуми за утврдување покрај високата наобразба и пет години работен стаж, ако го направи тоа министерството со некој подзаконски акт, тогаш би можело така да оди. Инаку, вака лично сметам дека не може секое лице кое завршиле било каква висока наобразба и ако работело пет години по дипломирањето да стане и директор на една агенција за вработување, а можеби таквото лице немало никогаш допир со таа работа.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници. Јас денеска сметам дека имаме доста битен закон на дневен ред, иако според присуството на пратениците гледам дека нема некаков голем интерес. Меѓутоа, во основа се когаш кога станува збор за трудовите закони, или законите кои ја регулираат материјата на вработување, па и материјата на вработување и осигурување во случај на невработеност, секогаш предизвикуваат нормално еден интерес затоа што ако е нешто проблем во Република Македонија најизразив е токму проблемот со вработувањето, или со евидентирањето на невработените, или како сакате во случај

на осигурување на невработеност и тн.Овој закон веќе подолго време ни стои овде на дневен ред. Ја помина процедурата во собраниските комисии. Јас би саал да се осврнам со мое мислење, со мое видување по однос на она што сега се предлага во овој закон. Инаку на почеток мора да кажам дека јасна е интенцијата на предлагачот што сака да се направи со овој закон. Една е причината која стално ја повторуваме дека нашето законодавство треба да го усогласиме со законодавството на ЕУ, да ги примениме онеи конвенции кои што треба да ги примениме. Меѓутоа, зад одредени одредби по законот се крие една друга намера на Владата која јас би сакал да ја потенцирам, а тоа е начинот со административен приод или со неколку членови од овој Закон да може да се намали бројката на евидентирани невработени во Република Македонија. И тоа е многу лесно  уочливо, ако се  видат членовите, значи добро ако се анализира членот 5 и членот 6 од измените и дополнувањата на овој закон, или поточно членот 53 и членот 54 од самиот закон, значи од оној закон кој што не се изменил. И тука можеме да видиме дека предлагачот прави еден обид со кој што после примената на ваквите членови навистина ќе дојде до едно бришење, едно намалување на невработеноста и тоа на вештачки, односно административен начин. Еве зошто тоа го велам. Значи членот 5 каде што членот 53 се менува и гласи, се прави обид со овој член да се дефинира и поточно да се определи што значи невработено лице. И тука сега предлагачот предлага шест точки. Под точка 1, да не е вработено,  точка 2, да е пријавено во агенцијата за вработување што овие до сега не се ни спорни. Точка 3, да е способно и да сака да работи, Четвртата точка според мене е доста дискутабилна е активно барало работа во изминатите 30 работни дена и е на располагање на берзата на трудот, да започне со работа во следните 15 дена. И сега оваа одредба, јас немам интервенирано со амандмани, меѓутоа со  дискусија, да речам и со моја забелешка можеби кај предлагачот ќе предизвика нешто да измени.

Во алинејата 4 не се зема во предвид дека во овој рок кој што го предвидува предлагачот може да дојде од објективни причини да не биде задоволен. Претпоставка, што би се случило ако лицето кое активно барало работа во тие изминати 30 дена, или во оние 15 кои што последователно треба да е на располагање, што ќе се случи ако  е болно, ако е случајно на патување во странство, ако евентуално се случи смрт на некој близок член во семејството и тн. каде што заради тие причини  е спречено во тие рокови активно да бара работа.

Петтата алинеја, значи не одбило соодветна понуда за вработување. И шестата, на кое работниот однос му престанал по негова волја. Знач во овие случаи се дефинира што претставува  невработено лице.

Во членот 6 кој мислам и според мене дека е еден од побитните измени во законот, иако наизглед член 6 не е многу голем каде што се зборува дека во членот 54 алинеја 5 по зборот “дејност” се става точка, а останатите зборови до крајот на реченицата се бришат. За подобро запознавање на јавноста и на присутните колеги би го прочитал членот 54 алинја 5. Значи, како невработено лице нема да се смета лице вршител  на земјоделска, сточарска, или друга дејност. Е сега оние реченици: од која остварува приход во семејството кој просечно месечно не е понизок од просечната месечна нето плата по работник во нестопанството остварено во последните три месеци, се бришат. И тоа  е според мене една доста поголема новина, затоа што со бришењето на останатиот дел од реченицата, а останувањето на: вршител на земјоделска, сточарска или друга дејност и тука да се стави точка. Тоа значи дека  сите земјоделци, сите сточари, или сите оние; кои што вршат друга слична дејност со прифаќањето на ваквата измена нема да бидат евидентирани како невработени лица. И тоа вака сега за потсетување. Кога ќе ја прочитаме сувопарно реченицата и не претставува кој знае што, меѓутоа ако ја согледаме реалната состојба во Република Македонија  ќе видиме дека еден голем дел оа оние кои што во Заводот за вработување  се евидентираат како невработени се токму такви лица. Тоа е една работа.

Втора работа е, овде самата одредба не е јасна, значи што претставува земјоделска дејност, значи што би било критериум, односно што би значело вршител на земјоделска дејност, дали сточарска и тн., дали се мисли само на она пријавени, евидентирани, регистрирани земјоделци, сточари и тн., или пак се мисли на секој еден кој што на било кој начин со оглед на тоа што не е битно колкав приход остварува, значи се мисли на секое нешто, фатил мотика, или не знам чувал неколку крави, да може да биде избришан од Бирото за вработување, да не се третира како невработено лице. Тоа е една нејасна работа. Тоа би требало овде да го разјасни. А тоа е интенцијата  а читајќи го вака, така и го гледам, значи ако е интенцијата за секој еден независно дали е регистриран, или не, се занимава со земјоделска, сточарска или не знам со каква друга дејност тогаш бројот на оние кои што ќе бидат на некој начин избришани од Заводот за вработување, нема да биде мал, само по основ на овој став.

Исто така, во истиот член во алинеја 6 сега се додава алинеја 7 која мора да ја прочитам за да биде појасно. Значи, нема да биде невработено лице и она кое  е работно ангажирано, или врши дејност спротивно на законот.  Оваа алинеја опфаќа исто така кога ќе се најде во примена, во пракса ќе опфати еден голем дел на граѓани кои што на овој или на оној начин се работно ангажирани, или врши дејност спротивно на закон. Овде не е јасно на кој закон се мисли. Веројатно се мисли на Законот за работни односи, затоа што не е мал бројот во Република Македонија  да имате работно ангажирани граѓани кои што се ангажирани со договор за дело. Самиот тој договор за дело не претставува, може да се квалификува, сигурно дека не е спротивно на закон, меѓутоа не се мисли на закон за облигациони односи, но во суштина е работно ангажиран, а се води како невработено лице. Таквите лица ќе треба да бираат помеѓу две работи, или да ја остават работата која што ја работат со договор на дело, а повторно ќе напоменам дека таквиот број не е мал. И за жал и претходната Влада, но и оваа Влада го користи тој термин договор на дело кога сака на своите симпатизери, или членови според партиската книшка да им удоволи во овие несигурни времиња на некој начин за сето она, нивните заслуги кога нормално гласаат за една опција, а со оглед на тоа што не можат да прават вработувања заради реформите кои што ги правиме во јавната администрација, тоа да го прави на една помала врата, инаку добро кажано и добро позната како вработување со договор за дело. Такви случаи почитувани колеги имаме и во Електростопанство, имаме и во медицинските центри, имаме буквално секаде. Затоа велам не е мал бројот на таквите граѓани. А секако дека после една ваква одредба и после еден ваков закон, навистина ќе се замислат истите што сега да прават, или да го раскинат договорот, па и покрај оној износ на пари кој што го земаат со нивната работа со еден таков договор, значи или треба да го раскинат, да се откажат, па да се водат како невработени лица и да си чекаат вработување до недоглед, или пак да ризикуваат да останат да работат со договор на дело, независно дали ќе бидат избришани, односно  нема да се третираат како невработени лица.

Можеби третата опција е  на страна на Владата која во меѓувреме за да  нема последици внатре во  сопствената партиска структура ќе мора пред стапувањето на овој закон во сила најверојатно да ги вработи за да не дојде до последици, до консеквенции и тоа  само исклучиво оние кои што најверојатно се членови на ВМРО-ДПМНЕ, или на опозицијата.

Под онаа реченица: врши дејност спротивна на закон, тука можете да подведете многу дејности. Еве еден пример за една таква дејност за која што и вчера и на претходните седници се спомнуваше, тоа е проблемот на сивата економија, или да кажам поедноставно проблемот со тезгите во Република Македонија, тезгите кои што сите вие добро знаете дека граѓаните во Република Македонија од немајкаде поради нивната социјална структура, а заради тоа што можност за вработување нема, особено станува збор за оние ниско квалификувани граѓани за да обезбедат било каква егзистенција се оддале на тој бизнис кој народски кажано, држат тезги и тоа држење на тезги по пазари и по други места каде што вака, или онака таа дејност ја обавуваат без да биде регистрирана како дејност. Сите добро знаеме, работа на црно, или на диво. И тој број не е мал. А од друга страна мора да напоменеме дека голем дел такви граѓани се евидентирани во Заводот за вработување и чекаат еден подолг период работа. И можам дури да кажам дека во најголем процент од таквите граѓани за сето време додека чекале работа, ниту некој ги повикал, ниту некој им дал шанса да работат. Така што онаа одредба дека одбил соодветна понуда, нема опасност дека ќе биде применета барем не за нив. Сега и кај нив ќе се јави дилема, значи да ризикуваат,да останат и понатаму да ги држат тезгите, да вадат некое денарче колку да преживеат, или пак да се задоволат со онаа состојба која што ја имале и претходно, значи, едноставно да седат, да не работат ништо и да чекаат некој да ги повика на работа и да бидат евидентирани како невработени лица со некоја надеж дека еве сега наместо Биро, ќе имаме агенција, наместо директор таму во таа агенција да го бира Владата, ќе го бира некој друг и тн. Ќе имаме и заменик што е новина. Значи за сета оваа работа наместо продуктивно Владата преку некои програми, или на некој начин да го намали невработувањето, ова е преку, само овие два члена што ги спомнав се прави обид на вештачки начин со административни, со законски решенија да се намали бројот на невработени.

И после се што ни се случи, почитувани колеги, Владата излезе пред меѓународните институции и кажа дека ние успеавме, бидејки сме реформска Влада бројот на невработени лица да го намалиме. Тоа ќе бид еден од аргументите, со кои што Владата ќе каже дека најголемиот проблем бројката од 400 илјади невработени ја сведовме на 200 илјади невработени, претпоставка, со тоа што сме многу успешни и со тоа што најголем дел сега ги немаме како евидентирани невработени лица. Меѓутоа, дали тоа ќе биде фактичката состојба и дали со тоа сиромаштијата на РМ ќе биде намалена. Значи, обидот на предлагачот и на Владата е многу јасен и

проѕирен, битна ни е бројката. Битно е да не оперираме секаде и внатре во РМ и надвор пред странските претставници да кажеме дека сега оперираме со една помала бројка, па благодарение на тоа што коалицијата за дојде на власт после 15 септември. Што некој друг сигурно не бил толку паметен да го направи тоа пред нив.

Понатаму, новиот член 57-а, овде станува збор за бришење од евиденција, значи невработено лице кое нема да ја извести Агенцијата за вработување, за промените што влијаат за стекнување и губење на правата, а од страна на инспекцискиот орган се затекна да работи спротивно на закон или одбие работно ангажирање за вршење јавни работи, се брише од евиденција. И може повторно да се пријави по истекот на една година. Значи овде еве нешто во контекст на она што претходно го зборував, со таа разлика што сега со овој член се прави бришење од евиденција во случај кога инспекцискиот орган ќе утврди неправилност по однос на вработување или затекне некој да работи спротивно на закон.

Меѓутоа, овде се поставува едно прашање, кое не е ретко во пракса. Еве, да претпоставиме , сите ние добро знаеме дека во онаа приватна иницијатива за која толку упорно зборуваме дека иднината е во нив, дека вработените односно работниците не се виновни за она што многу пати работодавачот не ги пријавува. Тие работат на диво буквално без да знаат дали се пријавени или не, илипак знаат, но мора да молчат, заради тоа што и тие се експлоатирани, заради неможноста што да бираат во овие услови кога реално вработување нема. Што во случај кога истото е доведено во заблуда од работодавачот. Претпоставка тоа мисли дека е вработено, сите докмуенти, работна книшка и т.н. стојат кај работодавачот, меѓутоа, тој не го пријавува и го чиува таму на неколку периоди, на неколку месеци или можеби години да не е пријавен и да му дава само една плата , без оние придонеси и т.н. Што во тој случај? Подебелиот крај го извлеквуа работникот, со тоа што на крајот на краиштата не само што ќе биде избркан од тука да не работи тука, туку и ќе биде бришан од евиденција од Заводот за вработување или Агенцијата за вработување и ќе нема право една година да се пријавува. Тоа е, за размислување, кое треба вака сугестивно го упатувам на предлагачот .

Членот 10 , станува збор за престанок на евиденцијата. Според мене, сите овие предложени четири нови алинеи, 13, 14, 15, 16, треба да отпаднат. Значи, заминување на отслужување на воениот рок, во тој случај да престане да биде на евиденција, да одбие работно ангажирање, она со 30 дена и т.н. Работно ангажирање и вршење јас мислам дека нема потреба тоа да стои во овој член.

Во членот 11 , овде се работи за правото на паричен надомест. Значи, во членот 66 во уводната реченица зборовите “уплатен придонес за вработување”, се заменуваат со зборовите “ се уплатени придонеси на плата”. На изглед не се прави нешто суштински, меѓутоа во суштина ова е суштински. Не е исто да уплатите придонес за вработување и придонес од плата. Мора да напоменам дека многу работници го користеле правото на паричен надоместок, благодарение на тоа што одредени фирми го платиле придонесот за вработување. Тоа е само еден дел од придонесите за плати. Тоа било со цел и сигурно дека претходниот Закон го направил со цел за да се помогне за да им се овозможи на вработените, кои не по нивна вина, заради одредени економски состојби во Република Македонија останале под Бирото за вработување. Сега, не треба да напоменувам колку претпријатија во РМ не се во состојба да ги платат придонесите и на некој начин вештачки се одржуваат, само за да не ескивира социјалната структура. Со оваа новина , јас ви тврдам дека повторноподебелиот крај ќе го добијат работниците, со тоа што после оваа норма најголем дел од нив не ќе можат да примаат паричен надоместок.

Членот 12, не би се сложил со мислењето на колешката Којзеклиска дека е добар. Според мене период со 12 месеци, да се замени со 24 месеци е од проста причина што просекот од 24 месеци нема да биде никогаш повисок од просекот на 12 последни плати, така што имајки ја предвид праксата која се случува и повторно на сметка на работникот.

Членот 13 со кој се брише членот 69 и тука воопшто не ми е јасно зошто се брише тој член. Да напоменам дека тука станува збор за сите оние односно се утврдува надомест кај сите оние, досега стоела таква одредба, кои во последните 12 месеци не примиле плата. Сега, што е тука виновен работникот што не примил плата, а 12 месеци изгубил на работа кај некој работодавец и сега со бришењето на членот 69 да му се скрати правото и да му се зема паричниот надоместок, само заради тоа што некој друг е виновен, затоа што не му издал 12 месеци плата. Човекот одел и нормално има право со тужба да ги бара тие пари и т.н., но во оваа ситуација најголема е казната по работникот. Да напоменам дека ваквото бришење на членот 69 се коси и со Уставот на Република Македонија, каде што вочлен 9 став 2 зборуваме за еднаквост помеѓу граѓаните на Република Македонија и од каде пак сега овде еднаквоста е запазена, кога оној кој што не земал плата, не само што е казнет што не земал плата 12 месеци, туку е казнет и да не зема паричен надоместок во иднина и тоа пак ќе напоменам не по негова вина.

Уште колку, минути имам претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Уште две минути.

ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:

Значи, за останатите членови уште членот 15 би напоменал дека за мене ова не е прифатливо од причини што претходно ги кажав кога станвуа збор за работно ангажирање или вршење на дејност спротивно на закон , заради елаборацијата односно образложението што го дадов таму. Значи, се на се да не продолжам сега со секој член поединечно, затоа што очигледно е дека немам време, мислам дека со овој закон покрај основните интенции на предлагачот за усогласвуање со европските закони, мислам дека зад него се крие и она што овде го кажав, на еден вештачки административен начин да се намали бројот на невработеноста, а со тоа Владата да се прикаже како успешна Влада, со тоа што бројот на невработените ќе ги намали, но со декрет, наспроти сето она што го ветуваше дека најмалку ќе вработи по еден човек во семејството, дека со свои програми и со свои мерки, кои како Влада се прокламира за реформска влада. Наместо на тој начин да дојдеме до намалување објективно на бројот на невработени, ние само на вештачки начин со еден декрет, со еден закон , а мора да напоменам дека сиромаштијата и процесот во кој што живееме, кој секојдневно кажува дека во Република Македонија тешко се егзистира и понатаму ќе ни остане. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

После паузата ќе имаме реплики.

Јас само би направил еден мал коментар по вашава анализа, г-дине Караџовски. Јас сватив дека од сите тие што се невработени над 90% имаат приходи. Така рековте, со овој закон ќе бидат оштетени и земјоделците и другите, што значи имаат приходи над 90%. Во таа смисла треба да расчистиме што е невработенсот, а што е да имаме приходи по било кој основ.

Пауза до 15,00 часот.

(По паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова. (Не е присутна).

Збор има г-динот Ристе Беслимовски. (Не е присутен).

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, ја затворам расправата.

Ве молам, нека влезе министерот, нека влезат пратениците, бидејки ќе пристапиме кон гласање.

(Пратениците реагираат на брзото затворање на расправата, па бараат да дискутираат).

Имате можности по текстот да се јавувате за дискусија, бидејки тој дел ќе го разгледуваме.

Молам, пратениците да влезат во салата, треба да пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Ги молам службите да гоутврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 59 пратеници.

Бидејки немаме кворум, ја затворам седницата.

Продолжуваме со работа утре во 10,00 часот.